Уп. бр.08-42

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Перутнина Птуј д.о.о. Словенија, со регистрирано седиште на ул. Потрчева цеста 10, СИ-2250 Птуј, Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. со регистрирано седиште на Општинска единица бр.2, улица Папа Гјон Пали II, зграда бр. 12, кат 11 канцеларија бр.1100, поштенски код 1010, Тирана, Албанија, преку адвокатско друштво Георгиевски од Скопје, на седницата одржана на ден 12.03.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Перутнина Птуј д.о.о. Словенија, со регистрирано седиште на ул. Потрчева цеста 10, СИ-2250 Птуј, Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. со регистрирано седиште на Општинска единица бр.2, улица Папа Гјон Пали II, зграда бр. 12, кат 11 канцеларија бр.1100, поштенски код 1010, Тирана, Албанија, формираат целосно функционално заедничко вложување, кое ќе стекне целосна контрола над Дриза, Фреш чикен Албанија 2019 сх.п.к., и Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) СХ.А., како и 50% од основните средства на А&И фарм 2018 сх.п.к. Албанија и основните средства на ЕУРО АЛБ 2009 сх.п.к. Албанија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 06.02.2024 година, дополнето на 21.02.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Перутнина Птуј д.о.о. Словенија, со регистрирано седиште на ул. Потрчева цеста 10, СИ-2250 Птуј, Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. со регистрирано седиште на Општинска единица бр.2, улица Папа Гјон Пали II, зграда бр. 12, кат 11 канцеларија бр.1100, поштенски код 1010, Тирана, Албанија, со која Перутнина Птуј д.о.о. Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. Албанија, формираат целосно функционално заедничко вложување, кое ќе стекне целосна контрола над Дриза, Фреш чикен Албанија 2019 сх.п.к., и Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) СХ.А., како и 50% од основните средства на А&И фарм 2018 сх.п.к. и основните средства на ЕУРО АЛБ 2009 сх.п.к. Албанија.

Подносителите имаат намера да формираат целосно функционално заедничко вложување во Република Албанија во форма на друштво со ограничена одговорност со назив Перутнина Птуј Албанија сх.п.к. со седиште на Општинска единица бр.2, улица Папа Гјон Пали II, зграда бр. 12, кат 11 канцеларија бр.1100, поштенски код 1010, Тирана, Албанија, во кое Перутнина ќе има 81% од основната главнина и гласачките права а БАЛФИН ќе има 19% од основната главнина и гласачките права. Заедничкото вложување ќе биде заеднички контролирано од Перутнина Птуј д.о.о. Словенија и БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп сх.п.к. со оглед на фактот дека Основачкиот договор определува квалификувано одлучување за бројни прашања односно предвидено е квалификувано одлучување кое за определени прашања бара присуство на 85%+ од гласачките права и едногласност на таквите гласачки права при одлучувањето. Прашањата за кои се бара квалификувано одлучување, меѓу другото, се: 1) одобрување на годишниот буџет и бизнис план (и било какви негови измени до степен да таквите измени се поголеми од 5% од оригиналниот годишен буџет и/или бизнис план); 2) измени на интерни акти, 3) зголемување или намалување на регистрираниот основачки капитал, и 4) било какви заеми или кредитни линии (и нивно обновување), доколку таквиот заем или кредитна линија надминува 1 мил. Евра.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Перутнина Птуј д.о.о. Словенија е друштво активно на пазарот на продажба на месо од живина и месни производи.

Перутнина Птуј д.о.о. Словенија е активно во Северна Македонија преку друштвото ПЕРУТНИНА ПТУЈ ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. Перо Наков 108/а, Скопје со приоритетна дејност трговија на големо со месо и производи од месо.

БАЛФИН – Балкан Фајнанс Инвестмент Груп Сх.п.к. е друштво активно на пазарот на трговија на големо и мало, недвижности, туризам, медиа, едукација, менаџмент на средства, банкарство, логистика и енергетика.

БАЛФИН е дел од диверзифицираната група на компании позната како Балфин Групација, која фигурира во различни сектори како продажба на големо и продажба на мало, недвижнини, туризам, медиуми, едукација, менаџмент на средства, банкарство, логистика, и енергетика. Екстензивниот пристап на Балфин Групацијата покрива многу земји вклучувајќи ги Австрија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Швајцарија, Хрватска, Холандија и САД.

Балфин Групацијата вклучува повеќе од 50 компании и поседува одржлива работна сила, обезбедувајќи работни места за приближно 5.000 индивидуи во споменатите земји. Несомнено, крајната контрола врз Балфин Групацијата ја поседува г-дин Самир Мане, државјанин на Република Албанија.

Во Северна Македонија, Балфин Групацијата е активна во продажба на мало, недвижнини и менаџмент на средства преку своите зависни друштва:

1) НЕПТУН МАКЕДОНИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со регистрирано седиште на ул. Беласица бр.2 ТЦ ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ, Скопје, со предмет на работење: трговија на мало за електрични апарати за домаќинствата во специјализирани продавници; и

2) СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ ДОО увоз-извоз Скопје, со регистрирано седиште на ул. Беласица бр.2, Скопје, со предмет на работење: издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот замене под закуп (лизинг).

Зависни друштва во целосна сопственост на НЕПТУН МАКЕДОНИЈА ДОО експорт-импорт Скопје се:

1) СЕРВИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Јадранска Магистрала бр. 14, Бутел, Скопје со предмет на работење: поправка на електронски уреди за широка потрошувачка

2) НЕП ЛОЈАЛИТИ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Беласица бр.2, К2, локал К2.1, ТЦ ЕАСТ Гате Малл, Скопје со предмет на работење: посредување во трговија со разновидни производи

Зависни друштва во целосна сопственост на СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ ДОО увоз-извоз Скопје:

1) ЕАСТ ГАТЕ ЛИВИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Беласица бр.2 со

предмет на работење: купување и продажба на сопствен недвижен имот

2) ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Беласица бр.2, со предмет на работење: издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)

ДРИЗА СХ.П.К. е активно на пазарот на собирање, обработка, пакување и замрзнување во фрижидери агрикултурни производи.

ДРИЗА СХ.П.К. не е активно во Северна Македонија.

Фреш чикен Албанија 2019 СХ.П.К. е активно на пазарот на колење на живина, за сопствени и цели на трети лица.

Фреш чикен Албанија 2019 СХ.П.К. не е активно во Северна Македонија.

Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) Сх.А. е друштво активно е на пазарот на изградба на фабрики за сточна храна, производство и маркетинг (трговија на големо и мало) со сточна храна, концентрати, витамини и сл.

Индустриа Фораѓере (ВЕАФ) СХ.А. не е активно во Северна Македонија.

А&И фарм 2018 Сх.п.к. е друштво активно е на пазарот на раст, одгледување и производство на живина, животни како и нивни нуспроизводи, како на домашно така и на меѓународно ниво. Дополнително, учествува во трговијата за увоз и извоз на производи и земјоделски производи.

А&И фарм 2018 СХ.П.К. не е активно во Северна Македонија.

ЕУРО АЛБ 2009 СХ.П.К. е друштво активно е на пазарот на операции на собирање, преработка, пакување и складирање во фрижидер на земјоделски и сточарски производи. Дополнително, се занимава со раст, одгледување и производство на живина, како и дистрибуција на големо и мало на живинарски производи и нивните нуспроизводи.

ЕУРО АЛБ 2009 СХ.П.К. не е активно во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**